**<u>Образец бр. 2</u>**

# Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### 1. Опис на проблемите

-несоодветна заштита во делот промовирање и презентирање на придобивките и вредностите од историското и културно наследство, уметничките дела, природните и антропогените туристички атрактивности, етнографските и други атрактивности, историските настани, легенди и личности за тие настани, општественото уредување во Република Македонија, и тоа особено при организирани посети на странски туристи на локалитети и објекти од огромно значење за нашата земја,
-нееднаков третман на вршителите на туристичката дејност, со вршителите на трговската дејност во делот пријавување исполнување на минимални техничките услови, до надлежните органи (ДПИ и градоначалникот на општината),
-одолговлекување на постапката по констатиран прекршок, од страна на сторителите на прекршокот, поради користење на едукацијата во случај на сторени одредени прекршоци, како законска обврска пред да биде изречена соодветна прекршочна мерка т.е. глоба,
-недоволна заштита на правата на потрошувачите и
-стагнирање на стапката на вработеност во секторот туризам.

### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

-подобрување на квалитетот на услугата во секторот туризам,
-зголемување на заштитата на правата на потрошувачите,
- заштита на придобивките и вредностите од историското и културно наследство во Република Македонија,
-ефикасност при спроведување на надзорот, изрекување прекршочни мерки и нивно спроведување без непотребно одолговлекување исклучиво во случај на одредени сторени прекршоци,
-еднаков третман на вршителите на туристичката дејност, со вршителите на трговската дејност во делот пријавување исполнување на минимално-техничките услови, до надлежните органи (ДПИ и градоначалникот на општината) и
-зголемување на стапката на вработеност во секторот туризам

### 3. Идентификација на можни решенија (опции)

<u>I решение (опција)</u>
Да се задржи постојното решение во Законот за турстичка дејност, кое предвидува:
-од аспект на заштитата на културните и историско – традиционални обележја во Република Македонија, особено во случај при организиран влез на странски туристи во Република Македонија, доколку истите не користат домашен туроператор, за странскиот туроператор непостои законска обврска да ангажира локален туристички водич, кој на соодветен начин би ги презентирал историјата на земјата и културно-историските споменици,
- од аспект одолговлекување на постапката по сторени одредени прекшоци од членот 67 став 1 точка 3 и членот 68 став 1 точка 1,2, 3, 4,5,6, 7 и 8 на овој закон, државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената нправилност со укажување за отстранување на сторената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување едукација на лицето, или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор. Доколку во закажаниот термин, лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата, не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена. Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата, се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврената неправилност. Доколку државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор при спроведување контролен надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор. Доколку го констатира спротивното т.е. биде утврдено дека не се отстранети констатираните неправилности, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.

II решение (опција)
Да се подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност и тоа во следнава насока:

Со членот 1 од предлог законот се регулира вршењето дејност туристички водич во Република Македонија. Имено, со оваа интервенција, се утврдува постапката за задолжително ангажирање туристички водич од страна на странски туроператор кој носи туристи во Република Македонија без посредство на домашен туроператор, или без склучен договор со туристички водич во Република Македонија. Имено, за странската туристичка агенција е преедвидена обврска во рок од 8 (осум) часа од часот на влегување во Република Македонија да ангажира домашен туристички водич, со склучување договор со еден од следниве вршители на туристичка дејност: Здружението на туристички водичи и придружници, туристичка агенција со лиценца А, туристичко биро, или со физичко лице-туристички водич евидентирано во регистарот кој го води општината, односно градот Скопје.

Со членот 2 се брише терминот туристичка дејност од мал обем, бидејки истиот како таков е несоодветен за таксативно наведените дејности на физичките лица, кои се јавуваат во својство вршители на туристичка дејност.

Со членот 3 се врши изземање одредени прекршоци за кои е предвидена постапка за едукација. Со новата измена се предвидува нивно директно санкционирање без претходно водење постапка за едукација. Станува збор за следниве прекршоци:
1) не го извести со посебен образец ДПИ и градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги најмалку 8 дена пред почетокот на вршењето на дејноста,
2) за продажба на авио билети туристичката агенција нема вработено лице со ИАТА сертификат и
3) не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги.
За овие прекршоци сега на само место ќе се изрече глоба во износ од 800 евра за правното лице, глоба во износ од 100 евра и на одговорното лице во правното лице и глоба во износ од 200 евра ќе му се изрече на самото место на трговец – поединец.

Со членот 4 се воведува казнена одредба за новата материјалната одредба со која се воведува задолжително ангажирање туристички водич за организирани групи туристи при влез во Република Македонија. Имено, за странскиот туроператор кој нема да постапи согласно оваа обврска предвидено е глоба во износ од 2000 до 4000 евра за правното лице, додека за одговорното лице за организираната група туристи на самото место ќе му биде изречена глоба во износ од 1000 до 2000 евра. Во овој случај единствено останува отворено прашањето на кој начин би се спровела предвидената прекршочна мерка, доколку странскиот државјанин одбива да ја плати предвидената глоба!

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**
Со донесување на Законот се предизвикуваат дополнителни трошоци за физичките и правни лица, бидејки со предлог законот се предвидува директно санкционирање т.е. изрекувањето глоба на лице место, во случај констатирани одредени прекршоци од страна на надлежните инспекциски органи, за кои прекршоци во моментов е предвидена постапка за едукација без изрекување парична казна.

Придобивки и влијанија од предложениот закон се:
- подобрување на квалитетот на услугата во секторот туризам,
-зголемување на заштитата на правата на потрошувачите,
- заштита на придобивките и вредностите од историското и културно наследство во Република Македонија,
-ефикасност при спроведување на надзорот, изрекување прекршочни мерки и нивно спроведување без непотребно одолговлекување исклучиво во случај на одредени сторени прекршоци,
-еднаков третман на вршителите на туристичката дејност, со вршителите на трговската дејност во делот пријавување исполнување на минимално-техничките услови, до надлежните органи (ДПИ и градоначалникот на општината) и
-зголемување на стапката на вработеност во секторот туризам

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

2. **Придобивки**

- опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни /

- други нефинансиски придобивки за засегнати страни / зголемување на ефективноста на инспекциските и прекршочни органи при водење постапки по сторени прекршоци, согласно Законот за туристичка дејност.

3. **Ризици и претпоставки**

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз животната средина | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз правата на граѓаните | **НЕ** | **НЕ** |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | **НЕ** | **НЕ** |

**Чекор 3: Консултации**
Државен пазарен инспекторат, Секретаријат за законодавство, Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика и Министерство за внатрешни работи.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

II решение (опција)

Да се подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност со кој се предвидува

-задолжително ангажирање туристички водич за организирани групи туристи при влез во Република Македонија,

-изземање одредени прекршоци за кои е предвидена постапка за едукација и нивно директно санкционирање. Станува збор за следниве прекршоци:
1) не го извести со посебен образец ДПИ и градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги најмалку 8 дена пред почетокот на вршењето на дејноста,
2) за продажба на авио билети туристичката агенција нема вработено лице со ИАТА сертификат и
3) не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги и

-воведување прекршочна одредба, за новата материјалната одредба со која се предвидува задолжително ангажирање туристички водич за организирани групи туристи при влез во Република Македонија.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

м-р Весна Јовановска, советник
Љиљана Илиевска, раководител на Одделение
Зоран Николовски, раководител на Сектор
Шовкет Хазари, државен советник

e- mail vesna.jovanovska@economy.gov.mk
ljiljana.ilievska@economy.gov.mk
sovket.hazari@economy.gov.mk
zoran.nikolovski@economy.gov.mk

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

Анче Трифунов, Државен секретар
тел. 3093-404
e - mail:ance.trifunov@economy.gov.mk

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: 30/052012<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | НЕ, Бидејки вградено |

**Изјава од министерот**

**Јас, Ваљон Сараќини**, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

............................................................................... Датум: 30/05/2012